Ессен е град во централниот дел на областа Ruhr во Северна Рајна-Вестфалија , Германија. Лоциран на реката Ruhr со популација од приближно 579000 жители е деветтиот град по големина во Германија. Во 2010 година Ессен бил Европскиот Град на Културата во име на целата Ruhr област.

Порано еден од најзначајните центри за јаглен и челик и историски поврзан со фамилијата Krupp градот развил силен и висок сектор за економија и () тврди дека е центар на Ruhr областа.Сега е дом на 13 од 100те најголеми корпорации во Германија и седиште на неколку од регионалните власти.

Во 1958 година бил одбран за да служи како седиште на Римокатоличката епархија (често споменувана како ____ или епархија на Ruhr). Во 2003тата година универзитетите на Ессен и на блискиот град Duisburg (двата основани во 1972) се споиле во еден универзитет под името Универзитет на Ессен и Duisburg со кампуси во двата града како и со универзитетска болница лоцирана во Ессен.

Географија

Генерално

Ессен е лоциран во центарот на областа Ruhr, една од најголемите урбани области во Европа(види: megalopolis), која се состои од 11 независни градови со вкупна популација од околу 5,3 милиони жители. The city limits of Essen itself are 87 km (54 mi) long and border 10 cities, 5 of them independent and 5 *kreisangehörig* (i.e., belonging to a district), with a total population of approximately 1.4 million.

Градот се простира на 21 километар од север кон југ и на 12 километри од исток кон запад,главно северно од реката Ruhr која го формира вештачкото езеро *Baldeney во реоните од* Fischlaken, Kupferdreh, Heisingen и Werden. Езерото, популарна област за рекреација датира од 1931-1933 година кога неколку илјади невработени рудари го ископале со примитивни алатки. Генерално големите области јужно од реката Ruhr

(вклучувајќи ги предграијата на Schuir и Kettwig) се со многу зелени површини и се често посочувани како примери за рурални средини во однос на релативно густо населената централна Ruhr Област.
Најниската точка може да се најде во северната околија на Karnap на надморска височина од 26,5 метри додека највисоката точка може да се најде во околијата на Heidhausen со надморска височина од 202,5 метри. Просечната височина изнесува 116 метри.

## Градски области

Ессен се состои од 50 околии кои се групирани во девет приградски области(наречени Stadtbezirke) често именувани спорен најзначајните околии. Секоја Stadtbezirk е означена со римска цифра и има локално тело кое се состои од 19 членови со ограничена власт. Повеќето од околиите оригинално биле независни општини но постепено се спојувале во периодот од 1901 до 1975 година. Овој долг процес на спојување довел до силна идентификација на населението со нивната околија или област како и до ретка особеност: Околијата Kettwig која се наоѓа јужно од реката Ruhr и која не била споена се до 1975 година има свој сопствен поштенски број. Дополнително (наводно поради релативно високите црковни даноци), Архиепископот од Cologne успеал да ја задржи околијата Kettwig под капа на Архиепископијата од Cologne, додека сите други околии на Ессен и некои други блиски градови ја претставуваат Епархијата од Ессен.

## Клима

Ессен е еден од најтоплите градови во Германија. Ессен има умерено океанска клима со релативно ладни зими и благи лета. Просечната годишна температура изнесува 10 C степени(50 F):
13.3 C (56 F) преку ден и 6.7 C (55 F) навечер. Просечните годишни врнежи изнесуваат 934 милиметри или 37 инчи. Најладниот месец во годината е Јануари кога просечната температура е 2.4 C (36 F). Најтопли месеци се Јули и Август со просечна температура од 18 C (64 F).

| Податоци за климата во Essen | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Месец** | **Јануари** | **Февруари** | **Мар** | **Април** | **Мај** | **Јуни** | **Јули** | **Август** | **Септември** | **Октомври** | **Ноември** | **Декември** | **Year** |
| **Просечна највисока °C (°F)** | 4.5 (40.1) | 5.5 (41.9) | 9.1 (48.4) | 12.7 (54.9) | 17.6 (63.7) | 19.9 (67.8) | 22.2 (72.0) | 22.3 (72.1) | 18.3 (64.9) | 13.7 (56.7) | 8.2 (46.8) | 5.6 (42.1) | 13.3 (55.9) |
| **Daily mean °C (°F)** | 2.4 (36.3) | 2.9 (37.2) | 6.0 (42.8) | 8.9 (48.0) | 13.4 (56.1) | 15.8 (60.4) | 18.0 (64.4) | 18.0 (64.4) | 14.7 (58.5) | 10.7 (51.3) | 5.9 (42.6) | 3.6 (38.5) | 10.0 (50.0) |
| **Просечна најниска °C (°F)** | 0.2 (32.4) | 0.3 (32.5) | 2.9 (37.2) | 5.0 (41.0) | 9.1 (48.4) | 11.6 (52.9) | 13.7 (56.7) | 13.7 (56.7) | 11.1 (52.0) | 7.6 (45.7) | 3.6 (38.5) | 1.6 (34.9) | 6.7 (44.1) |
| **Врнежи mm (inches)** | 84.5 (3.327) | 58.1 (2.287) | 78.2 (3.079) | 61.0 (2.402) | 72.2 (2.843) | 92.8 (3.654) | 81.2 (3.197) | 78.8 (3.102) | 78.0 (3.071) | 75.1 (2.957) | 81.1 (3.193) | 93.1 (3.665) | 934.1 (36.776) |
| **Просечни врнежи по денови** | 14.1 | 10.5 | 13.6 | 11.1 | 11.1 | 12.0 | 10.4 | 9.9 | 11.2 | 10.9 | 13.6 | 14.1 | 142.5 |
| **Сончеви саати** | 43.4 | 78.3 | 102.3 | 147.0 | 192.2 | 183.0 | 186.0 | 182.9 | 135.0 | 111.6 | 57.0 | 40.3 | 1,459 |

## Историја

### Потекло на името

Во земјите каде што се зборува германски името на градот Essen често предизвикува збунување во однос на неговото потекло бидејќи е познато како германски инфинитив на глаголот за јадење и/или германската именка за храна. Иако научниците се уште не се согласуваат со интерпретацијата на името ,сепак постојат неколку интерпретации кои не се вредни за споменување. Најстарата форма на името на градот е Astnide која била сменета во Essen со менување на формата како што се Astnidum, Assinde, Essendia и Esnede. Името Astnide би можело да се однесува или на регион каде што се пронајдени многу дрва од пепел или на регион од истокот(од империјата на Франките). Стариот висок германски збор за камин,Esse, е исто така често спомнуван поради индустриската историја на градот, но е многу малку веројатно името на градот да потекнува од тој збор бидејќи старите форми на името на градот потекнуваат од времето пред индустријализацијата.

Рана историја

Најстариот археолошки пронајдок, Vogelheimer Klinge, датира 280,000 – 250,000 години пред нашата ера. Тоа е нож пронајден во околијата Vogelheim во северниот дел на градот за време на конструкцијата на Rihne-Herne  каналот во 1926тата година. Други артефакти од каменото доба се исто така пронајдени иако тие не се многубројни. Искористувањето на земјата било многу високо ,поради рударските активности за времето на индустриското доба, па затоа други поголеми пронајдоци од Мезолитот не се очекувани. Пронајдоците од 3000 години пред нашата ера се многу по чести. Најважниот пронајдок од тој период е мегалитска гробница пронајдена во 1837 година. Оваа гробница често именувана како Steinkiste (Ковчег од камен) е најраниот зачуван пример од архитектурата во Essen.

Essen бил дел од населените области на неколку Германски народи (Chatti,Bructeri,Marsi), иако јасна разлика меѓу овие групи народи е тешко да се определи.

Замокот Alteburg во јужниот дел на Essen датира од првиот или вториот век пред нашата ера.

8ми- 12 век

Околку 845 година Св. Altfrid (околу 800-847 година), подоцна Епископ од Hildesheim, основал манастир за жени во центарот на сегашен Essen. Првата игуменија била Gerswit која била роднина на Св. Altfrid(исто така види Essen Abbey). Во 799 година, Св. Liudger веќе го основал манастирот Benedictine Werden на свое земјиште неколку километри јужно. Регионот бил слабо населен со неколку ситнисопственици и стар и веројатно напуштен замок. Додека манастирот Werden служел да ја поддржи мисионерската работа на Св. Liudger во Harz регионот(Helmstedt/Halberstadt), манастирот во Essen бил наменет за грижа на жените од високото саксонско благородништво. Овој манастир не бил манастир во вистинска смисла на зборот туку бил наменет за резиденција и за образовна институција за ќерките и вдовиците од високото благородништво; предводени од игуменија , другите членови освен игуменијата не биле задолжени да дадат заклетви за невиност. Околу 852 година започнала изградбата на ____ црква на манастирот и била завршена во 870 година. Во 946 година голем оган ја оштетил како и црквата така и самата населба. Црквата била изградена повторно и значително проширена и претставува основа

на денешната катедтрала во Essen.
Првото документирано спомнување на Essen датира од 898 година кога Zwentibold кој бил крал на Lotharingia ,____ територија на западното корито на реката Ruhr до манастирот. Друг документ кој го опипува финансирањето на манастирот и наводно датира од 870 година ,денес се смета дека е фалсификат од единаесеттиот век.
Во 971 година Mathilde II ,внука на императорот Otto I , го превзела манастирот. Таа ќе стане нај важната од сите игумении во историјата на Essen. Таа владеела преку 40 години и го зголемила богатството на манасторот со непроценливи предмети како што е најстарата канделабра со седум гранки како и Златната Мадона од Essen, најстарата позната скулптура на Дева Марија во западниот свет. Mathilde била наследена од други жени кои биле во роднински врски со императорите од династијата Otto: Sophia ќерка на Otto II и сестра на Otto III, и Teophanu внука на Otto II. За време на владеењето на Teophanu , Essen кој бил споменуван како град од 1003 година, го добил правото да одржува пазари во 1041 година. Десет години покасно Teophanu го изградила источниот дел од манастирот во Essen. Неговата гробница ги содржи гробниците на Св. Altfrid,Mathilde II и на самата Teophanu.

13-17 век

Во 1216 година манастирот ,____________, го добил статусот на кралска резиденција кога императорот Frederick II ја повикал игуменијата Elisabeth I Reichsfürstin(Принцеза на Империјата) во официјално писмо. Во 1244 година, 28 години подоцна ,Essen ја добил својата повелба и својот печат кога Konrad von Hochstaden, архиепископот од Cologne, влегол во градот и го подигнал градскиот ѕид заедно со населението. Ова овозможило привремено ослободување на населението на градот од прицезите-игиумении , но ова траело се до 1290 година. Таа година кралот Rudolph I го повратил целосниот суверенитет на принцезите-игумении над градот , на големо разочарување на населението на растечкиот град , кој се заложувал за самоуправување и кралско непосредно влијание. Титулата слободен империјален град била конечно одобрена од императорот Charles IV во 1377 година. Како и да е во 1372 година Charles парадоксално ја одобрил одлуката на Rudolph од 1290 година и со тоа ги оставил манастирот и градот под кралска заштита.

Сепак имало спорови помеѓу градот и манастирот во однос на превласт на регионот се до распуштањето на манастирот во 1803 година. Многу тужби биле поднесени во Reichskammergericht, една од нив траела скоро 200 години. Финалната одлука на судот во 1670 година била дека градот морал да биде соодветно послушен во ___ на игумениите но можел да си ги задржи старите права- одлука која не ги решила проблемите.

Во 1563 година ,градскиот совет, со неговото само убедување дека е единствениот легитимен владетел на Essen  ја претставил протестантската реформа. Католичкиот манастир немал доволно сили да се спротистави на ваквиот развој на настаните.

Триесет годишна војна

За време на триесет годишната војна , протестантскиот град и католичкиот манастир се спротивставувале еден на друг. Во 1632 година принцезата-игуменија Maria Clara von Spaur, Pflaum und Valor(умлауб кај О) успеала да ги насочи католичките Шпанци против градот со цел да иницира контра реформа. Во 1624 година бил донесен закон за ре-католизација и црковните обреди биле строго контролирани. Во 1628 година градскиот совет се жалел поради овие закони на во Reichskammergericht. Maria морала да побегне во Cologne кога Холанѓаните влегле во градот во 1629 година. Таа се вратила во летото во 1931 година следејќи ги Баварците под водство на Gottfried Heinrich Graf zu Pappenheim , но сепак повторно си заминала во септември истата година. Таа умрела во 1644 година во Cologne. Војната се покажала како тежок удар за градот, со чести апсења, киднапирања и силувања. Дури и по мирот од Westphalia  во 1648 година трупите останале се до 9ти септември 1650 година.

Индустријализација

Првиот историски доказ за важната рударска традиција во Essen датира назад до 14 век кога принцезите-игумении дозволиле рударски дејности. Првиот рудник за сребро бил отворен во 1354 година но неспоредливо по значајниот јаглен не бил споменат се до 1371 година додека првите ископувања на јаглен започнале во 1450 година.

На крајот на 16тиот век многу рудници за јаглен се отвориле во Essen и градот ја добил

титулата за центар на индустријата за оружје. Околку 1570 година оружарите правеле висок профит и во 1620 година успеале да произведат 14000 пушки и пиштоли. Градот се повеќе и повќе станувач значајно стратешко место. Жители на Essen од 16тиот век Krupp фамилијата и самиот град се надополнувале. Во 1811 Friedrich Krupp ја основал првата фабрика за леан челик во Essen, Германија и ги основал почетоците на она што ќе биде најголемата компанија во Европа во следните две декади. Фабриките за оружје во Essen станале толку значајни што имало поставено знак свртен кон главната железничка станица кој го пречекал Benito Mussolini во "Оружарницата на Рајхот" во 1937 година. ______ била главната причина за рапидното зголемување на популацијата кое започнало во средината на 19тиот век. Essen достигнал популација од 100,000 жители во 1896 година. Други индустријалисти како Friedrich Grillo ,кој во 1892 година го донирал Grillo театарот на градот , исто така играле голема улога во обликувањето на градот и на Ruhr областа во крајот на 19тиот и почетокот на 20тиот век.

Прва светска војна

Во февруари 1917 година избиле неколку побуни кој довеле до прекин на доставувањето на брашно. Исто така имало 10 наади на Krupp фабриката.

Втора светска војна

Како главен индустриски центар Essen бил мета на сојузничкото бомбардирање. Преку 270 воздушни напади биле извршени врз градот, уништувајќи 90% од центарот и 60% од предградијата. На 5ти март 1943 година Essen бил подложен на еден од најтешките воздушни напади во војната. Загинале 461 човек , 1593 биле ранети додека 50,000 жители на Essen биле раселени. На 13ти декември 1944 година тројца британски авијатичари биле линчувани.

види исто така: Krupp и бомбардирање на Essen во втората светска војна.

Сојузничките сили напредувале во Германија и го достигнале Essen во април 1945 година. Американскиот 507ми падобрански пешадиски полк од 17тата воздушно десантна

дивизија во улога на обична пешадија влегол во градот без отпор и го заробил истиот на 10ти април 1945 година.

Под британска окупација

По успешната инвазија на Германија од страна за сојузниците , Essen бил назначен на британската окупациона зона. На 8ми март 1946 година германски воен офицер и еден цивил биле обесени поради линчувањето на три британски авијатичари во декември 1944 година.

Дваесет и први век

иако веќе не се произведува оружје во Essen старите индустриски претпријатија како ThyssenKrupp  и RWE се сеуште главните вработувачи во градот. Фондациите како Alfried Krupp von Bohlen und Halbach-Stiftung  сеуште ја промовираат благосостојбата на градот како на пример со подржување и донирање на болници и донирање на 55 милиони евра за нова зграда за Folkwang  музејот кој е еден од најголемите музеи за уметност во областа Ruhr.

Политика

Историски развој

Власта во Essen долго време била во рацете на принцезите-игумении кој биле глави на имериалниот манастир од Essen. Сепак од 14тиот век па наваму градскиот совет ја зголемувал неговата важност. Во 1335 година почнало да се избираат два градоначалници од кои еден од нив бил назначен за раководник на финансиите. Во 1377 година на Essen му била одобрена кралска непосредност но подоцна морал да ја напушти оваа привилегија. Помеѓу раниот 15ти и 20тиот век политичкиот систем на Essen претрпел неколку промени, најважната промена е воведувањето на протестантската реформа во 1563 година , приспојувањето во 1802 година од Prussia и the subsequent secularization of the principality in1803. Територијата била дел од пруската провинција   Jülich-Cleves-Berg од 1815-1822 година по што станала дел од пруската провинција Rhine се до нејзиното

распуштање во 1946 година. За време на германската револуција 1918-1919 Essen бил дом на Essen-скиот правец во комунистичката работничка партија на Германија. Во 1922 година ја основале Communist Workers' International. Essen станал еден од центрите на отпорот на социјалната демократија и ______.

За време на нацистичката ера (1933-1945) градоначалниците биле назначувани од Нацистичката партија. По Втората светска војна воената влада од британската окупациона зона назначила нов градоначалник и вовела општинска организираност врз основа на моделот на британските градови. Подоцна градскиот совет повторно бил избиран од страна на населението. Градоначалникот бил избиран од страна на советот како негова глава и како главен претставник на градот. Администрацијата била предводена од целовремен Oberstadtdirektor. Во 1999 година позицијата на Oberstadtdirektor била укината во Северна Rhine-Westphalia и градоначалникот станал и главен претставник на градот и административен челник. Дополнително, населението сега директно го избира градоначалникот.

Градски совет

Последните локални избори биле одржани на 30ти август 2009 година,_ Reinhard Paß бил избран како градоначалник и следните политички партии ги добиле бројот на места во градскиот совет

| SPD (Social Democrats) | CDU (Christian Democrats) | GRÜNE (Greens) | FDP Alternative Essen (Liberals) | The Left (Left-wing) | Essener Bürgerbündnis (Independent) | REP (National Conservatives) | NPD (National Democratics) | Essen steht AUF (MLPD) (Marxist-Leninists) | **Total** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31 | 26 | 9 | 5 | 5 | 3 | 1 | 1 | 1 | 82 |

Градот е регулиран од коалицијата на SPD и CDU.

Грб на градот

Грбот на градот essen е херладичка особеност. Одобрен во 1866 година се нарекува Allianzwappen (раце на сојузништво) и се состои до два одвоени штита под една круна. Најчесто другите грбови на градовите прикажуваат ѕид наместо круна. Круната како и да е не се однесува на самиот essen  туку на секуларизираното црковно кнежевство од essen под капата на принцезите-игумении. The Dexter (херладички десно) штит го покажува дво-главиот имериален орел на светата римска империја доделен на градот во 1623тата година.The sinister(херладички лево) штит е еден од најстарите амблеми на Essen и прикажува меч за кој луѓето веруваат дека бил користен за отсекување на главата на заштитникот на градот Св. Кузман и Дамјан. Луѓето се обидувале да го поврзат мечот на левиот штит со меч кој бил пронајден во Катедралната благајна. Овој меч сепак е доста понов. Малку изменета и по херладички точна верзија на грбот може да се најде на покривот на хотелот Handelshof во близина на  главната станица.

Интернационални врски

Исто така види: Листа на збратимени и сестрински градови во Германија

Essen  е збратимен со градовите:

Grenoble, Франција (од 1974 година)
Nizhny Novgorod, Русија (од 1991 година)
City of Sunderland, Велика Британија (од 1949 година)
Tampere ,Финска (од 1960 година)
Tel Aviv ,Израел (од 1991 година)

Градот monessen,PA, лоциран на реката Monongahela, бил именуван по самата река и градот Essen.

Индустрија и инфраструктура

Главни компании во Eeesn

Essen  е седиште на неколку големи компании , меѓу кои се наоѓа ThyssenKrupp кој е индустриски конгломерат кој е исто така регистриран во Duisburg и потекнува од спојувањето на  компанијата Thyssen AG со седиште во Duisburg  и компанијата Friedrich Krupp AG со седиште во Essen во 1999 година. Најголемата компанија која е регистрирана само во essen и втората по големина елекрична___________ во германија е компанијата RWE AG. Essen исто така е седиште на корпорационите канцеларии на Schenker AG ,логистичката дивизија на Deutsche Bahn. Други големи компании се најголемата градежна компанија во германија,Hochtief AG како и  Aldi Nord, Evonik Industries, Arcandor AG, Medion AG и Deichmann, најголемиот трговец со чевли на мало во европа. Eon-Ruhgras најголемата германска компанија за гас има седиште во essen.Компанијата Кока-кола оригинално ги имала своите први канцеларии во германија во essen (околу 1930) каде што останала се до 2003 година кога нејзините канцеларии биле префрлени во главниот град Берлин.

Саеми

Градскиот саем ,Messe Essen, е домаќин на 50 трговски саеми секоја година. Со приближно 530000 посетители секоја година ,Essen Motor Show, е главниот интернациоанлен самен за коли и е најголемиот настан кој се одржува овде. Други важни саеми отворени за консументите ги вклучуваат SPIEL , најголемиот саем за забава и прилика за презентација на Essen Feather  и Deutscher Spiele Preis , Techno-Classica (стари коли) и еден од водечките саеми за јавачки спортови Equitana  кој се одржува секои две години.  Главни саеми кои се ограничени само за професионалци ги вклучуваат саемите за Security(сигурност и заштита од пожар), IPM(градинарство) и E-World (енергија и вода).

Медиуми

Westdeutscher Rundfunk има студио во Essen кое е одговорно за централната Ruhr област.Секој ден произведува 30 минутен регионален вечерен магазин(наречен Lokalzeit Ruhr), пет минутна попладневна програма за вести и неколку радио програми за вести. Локална станица за емитување се пуштила во програма во доцните 1990ти. WAZ  Media

Group е една од најважните (печатени) медиумски компании во европа и ги издава двата најважни весници во Ruhr областа: Westdeutsche Allgemeine Zeitung (WAZ; 580,000 копии) and *Neue Ruhr/Rhein Zeitung* (NRZ; 180,000 копии). Во Essen , WAZ Group исто така ги издава локалните Borbecker Nachrichten (на моменти најголемиот локален весник во германија) и Werdener Nachrichten весниците, од кои и двата се поранешни независни неделни весници за делови од Essen. Дополнително Axel Springer води печатница за нивниот дневен весник Bild.

Образование

Една обновена образовна инстотуција во Essen е универзитетот Folkwang, универзитет за уметност основан во 1927 година кој е сместен во Essen и има дополнителни простории во Duisburg,Bochum  и Dortmund.

Универзитетот на Duisburg-Essen кој резултирал со спојување на универзитетите од Essen и Duisburg е еден од најмладите германски универзитети. Една од примарните истражувачки области на овој универзитет е областа за урбани системи(одржлив развој, логистика и транспорт), тема која е инспирирана од високо урбанистичката Ruhr област. Другите области вклучуваат нанотехнологија,дискретна математика и образование на 21виот век. Друг универзитет во Essen е приватниот Fachhochschule für Oekonomie und , Management, универзитет за применети науки со преку 6000 студенти и гранки во 15 други големи градови низ Германија.

Медицина

Essen нуди високо насочен здравствен систем со повеќе од 1350 доктори и приближно 6000 кревети во 13 болници вклучувајќи и универзитетска болница. Универзитетската болница датира од 1909 година кога градскиот совет основал општинска болница;иако била скоро уништена за време на втората светска војна ,подоцна била повторно изградена и ја добила титулата на универзитетска болница во 1963година. Оваа болница се фокусирала за истражувања на циркулаторниот систем,онкологија и трансплатациона медицина со оддел за трансплатација на коскена срж кој е вториот најголем од овој вид во светот.

Транспорт

Улици и патишта

Мрежата на патишта во essen се состои од 3200 улици кои вкупно имаат должина од 1600 километри (994 милји).
Три Autobahen ја допираат територијата на Essen, меѓу кои најзначаен е Ruhrschnellweg(Ruhr експресниот пат ,A40) кои минува директно низ градот делејќи го на половина. Во правец запад-исток автопатот A40 го поврзува холандскиот град Venlo со градот dortmund,протегајќи се низ целата Ruhr  област. Овој автопат претставува е еден од главните сообраќајни артерии во Ruhr  областа (со преку 140000 возила на ден) и е подложен на голем сообраќаен метеж за време на главните саати поради што многу луѓе од таа област му го дале надимакот Ruhrschleichweg (Ruhr пат по кој се лази). Во 1970 година е изграден тунел кога тогашната Bundesstrasse била доградена за да ги патните моторните стандарди па така A40 е скриен од јавната глетка во внатрешниот дел на градот близу главната железничка станица.
Во северниот дел  автопатот A42 само малку навлегува во територијата на essen и служи како интерконекција помеѓу соседните градови Oberhausen и Gelsenkirchen и останатите дестинации.
Еден сегмент од автопатот A52 го поврзува Essen со јужниот дел околу Dusseldorf. На територијата на essen автопатот A52 се протега од јужните реони близу  Mülheim an der Ruhr покрај саемот и потоа се спојува со Ruhrshnellweg  на AutobahndreieckEssen-Ost раскрсница источно од центарот на градот.
Со 40/A 52 во јужните делови на градот и со автопатот A42 на север постои одредена празнина во сообраќајниот систем која често е причина за сообраќаен метеж на улиците од централните до северните области. Затоа ургентно треба да се изгради екстензија на автопатот A52 која ќе ја поврзува Essen-Ost раскрсницата со автопатот A42 со цел да се пополни таа празнина; оваа екстензија се планирала со години не се уште не е реализирана-главно поради високо населените делови низ кои ова екстензија треба да поминува што би резултирало со висока цена и причинети грижи за граѓаните.

Јавен превоз

Како и во сите други заедници од Ruhr обласа локалниот транспорт е воден од локална, компанија во јавна сопственост за транспорт внатре во градот, DB Regio која е помошна компанија на Deutche Bahn е одговорна за регионален транспорт и самата Deutche Bahn која е одговорна за долги релации. Локалниот транспортер Essener Verkehrs-AG (EVAG) е член на Verkehrsverbund Rhein-Ruhr (VRR) асоцијацијата за компании за јавен транспорт во Ruhr  областа која обезбедува униформна структура на цените во целиот регион. Внатре во VRR регионот билетите важат за линиите на сите членови како и за железничките линии на DB компанијата (освен за брзите InterCity  и intecity-Express мрежи) и можат да се купат во автоматите за билети и сервисните центри на EVAG,кај сите други членки на VRR и DB.

EVAG управува со 3 UStadtbahn, 7 tram и 59 автобуски линиии (16 од нив служат како Nacht Express линии достапни само за  за доцни саати ) со вкупна должина од 29 километри (18 милји),83 километри(52 милји) и 459 километри (285 милји) соодветно. Една линија за трамвај и неколку автобуски линии кои доаѓаат од соседните градови се управувани од овие градски соодветни превозници. U-Stadtbahn-от ,кој повремено се обраќа на искористените Docklands Light Railway делници, е мешавина од трамвај и целосени подземени системи со 20 подземни станици за  U-Stadtbahn и дополнителни 4 подземни станици кои се користат од трамвајот. Две линии од U-Stadtbahn се комплетно без раскрсници што ги прави независни од другиот сообраќај, исто така  U18 линијата која води од Mulheim главната станица до Berliner Platz станицата на портите од градскиот центар повремено излага над површината на средината на A40 автопатот. Essen Stadtbahn е интегриран во Rihne Ruhr Stadtbahn мрежата.

На истиот автопат се одржува долгорочен тест на систем за насочени автобуси уште од 1980 година. Многу EVAG железнички линии се сретнуваат на главната станица но истото не важи за автобуските линии. Како и да е сите освен една од Nacht Express автобуските линии потекнува од/води до Essen Hauptbanhof во форма на ѕвезда. Сите EVAG линии вклучувајќи ги Nacht Express линиите се затворени за време на делничните денови од 1,30 часот до 4,30 часот. Од 13те линии во Rhein-Ruhr S-Bahn мрежата , 5 водат низ територијата на Essen и се срекјаваат на Essen Hauptbanhof главната станица  која исто така служи како интерконекција до Regional-Express и Intercity-Express мрежите  на

регионални и државни брзи возови соодветно. Следејќи го назначувањето на Essen  како Европски Главен Гран на културата за 2010 година ,главната станица,која е означена како станица со највисока важност и која не била значајно реновирана со декади ќе биде обновена со буџет од 57 милиони евра до почетокот на 2010 година. Други важни станици во Essen ,каде што се поврзуваат регионалниот и локалниот сообраќај, се Regionalbahnhöfe (регионални железнички станици) во областите  Altenessen, Borbeck, Kray и Steele. Исто така 20 S-Bahn станици може да се најдат во целото урбанистичко подрачје.

Авијација

заедно со соседниот град  Mülheim an der Ruhr и покраината North Rhine-Westphalia Essen го одржува Essen/Mulheim аеродромот (IATA:ESS,ICAO:EDLE). Иако првите летови пристигнале во 1919 година сепак аеродромот бил официјално отворен на 25 август 1925 година. Со значајното проширување во 1935 година Essen/Mulheim аеродромот станал централен аеродром на ruhr  областа се до крајот на втората светска војна, нудејќи асфалтирана писта од 1553 метри (5095 стапки), како и друга асфалтирана писта за едриличење и дестинации до поголемите европски градови. Овој аеродром бил тешко оштетен за време на војната но сепак делумно реконструиран од страна на сојузничките сили како втор аеродром бидејќи видливоста е често по јасна од аеродромот во Dusseldorf. Подоцна се развил во голем цивилен аеродром како што е сега ,додека Essen/Mulheim аеродромот денес служи за повремен воздушен сообраќај (околу 33000 патници годишно), база на флота од авиони и како најстарата германска компанија за обука за летање. Жителите од регионот околу Essen типично го користат аеродромот во dusseldorf(оддалечен 20 минути со возење) и повремено аеродромот во dortmund за домашни и странски летови.

Споменици

Zollverin индустрискиот комплекс

Главен натпис: Zollverin индустрискиот комплекс за јаглен

Индустрискиот комплекс Zollverin е најпознатиот споменик во градот. Со години

рудникот (отворен во 1932 година,затворен во 1986година ) како и фабриката за__________(затворена во 1993 година) биле рангирани како најголеми од нивниот вид во Европа. Shaft XII,изграден во Bauhaus стил, со неговите карактеристични ___ кули, кој со текот на годините станал симбол на целата Ruhr област се смета за архитектонско и техничко ремек-дело, кој се здобил со репутацијата на најубав рудник за јаглен во светот. Откако UNESCO го прогласил за место од светско наследство во 2001 година,комплексот кој долго време седел напуштен и на кој му се заканувало демолирање почнал да го гледа периодот на реновирање. Под капа на агенцијата на North Rhine-Westphalia и самиот град , неколку институции за уметност и дизајн направиле свои седишта на областите кои ги зафаќал поранешниот рудник за јаглен, а исто така се прави и план за реновирање на фабриката за ______.

На земјиштето на стариот рудник за јаглен и на фабриката за ____,кои можат да се видат бесплатно , а исто така се достапни и тури со водичи кои се наплаќаат (некои со поранешни Kumpels) ,можат да се најдат неколку туристички атракции меѓу кои најважна е *Design Zentrum NRW*/Red Dot Design Museum. *Ruhrmuseum* кој е музеј посветен на историјата на Ruhr областа,кој постои од 1904 година, ќе ги отвори своите врати како еден од _______ атракции во поранешниот објект за миење на јаглен во 2009 година.

Катедралата и благајната на essen

Поранешната ____ црква на манастирот од essen ,а денес катедрала на епископот од Essen е готичка црква направена од лесен песочник. Првата црква датира од периодот помеѓу 845 и 870 година; денешната црква е изградена откако поранешната црква изгорела до темел во 1275година. Сепак важните ____ и гробници преживеале и се од времето на Отовата династија. The cathedral is located right in the centre of the city, which evolved around it. Соседната цкрва Св. Johann Baptist која не е спектакуларна во изглед и која е лоцирана во пешачката зона често грешно се посочува дека токму таа црква е катедралата. Богатството на катедралата се вбројува како едно од најзначајните во Германија бидејќи само малку уметнички дела се изгубени низ вековите. Најдрагоцениот експонат кој е лоциран во десниот дел на катедралата е Златната Богородица од Essen (околу 980година), најстарата позната скулптура на Богородица и најстарата слободно-стоечка скулптура

северно од Алпите. Скулптурата на богородица често е споменувана како essen sein Schatz или Essen-овото богатство во буквален превод. Другите експонати ги вклучуваат наводната детска круна на императорот OttoIII, најстарата зачувана христијанска канделабра со седум гранки и неколку други уметнички дела од Otto-вите времиња.

Старата синагога

Отворена во 1913 година ,тогаш новата синагога служела како централно место за сретнување на еврејската заедница која постоела пред втората светска војна. Градбата се вбројува како една од најголемите и најимпресивните сведочења на еврејската култура во предвоена Германија. Во пост-воена Германија, поранешната куќа на обожување била купена од градот и се користела како изложбена сала а подоцна пренаменета како културолошки центар за сретнување и куќа на еврејската култура.

Вилата Hugel

Изградена во 1873 година од индустрискиот магнат Alfred Krupp, вилата со 269 соби (8100 м2/87190 квадратни стапки) и околниот парк од 28 џектари (69,2 акри) служеле како репрезентативно седиште на фамилијата Krupp.______ __________________________кој повремено имал персонала од 640 луѓе, како дом на една фамилија. За време на нејзината конструкција вилата била опремена со неколку технички новини и особености како централен систем за топлење,свои водни и гасни инсталации, внатрешна електрика и надворешни системи за телеграф и телефон(со централен аларм на индукција за вработените). Куќниот централен часовник станал референтен часовник за целата Krupp компанија;секој часовник требал да биде наместен со максимална разлика од половина минута. Исто така вилата се здобила со сопствена железничка станица Essen Hugel која била регуларна станица. Krupp фамилијата морала да ја напушти својата Gründerzeit вила во 1945година кога била превеземена од сојузничките сили. Истата била вратена во 1952 година ,а денес е седиште на Alfried Krupp von Bohlen и Halbach фондацијата (главен поседник на акциите на Thyssen-Krupp) и била отворена за концерти и повремени но сепак изложби од висок профил.

Kettwig  и warden

Во јужниот дел на градот, областите на Kettwig и Werden вонредно постојат како сопствени градови кои биле споени во средината на дваесеттиот век и во голема мера го задржале карактерот кои го имале пред спојувањето. Додека северните области биле тешко оштетени за време на втората светска војна и често ги губеле нивните историски градски центи; јужните делови сепак поминале полесно.

Во Werden ,Св Ludger  го основал манастирот од werden  околу 799 година ,45 години пред Св.altfrid  да го основа камен темелникот на модерниот град односно манастирот од essen. Старата црква од манастирот од werden ,Св Ludgerus , била означена како мала папска базилика во 1993 година ,додека главната зграда на поранешниот манастир денес е седиштето на Folkwang универзитетот за музика и изведувачки уметности.

Ketwigg кој бил споен во 1975 година ,на големо разочарување на населението кое сеуште се бори за независност,главно бил обликуван од текстилната индустрија. Најјужниот дел од essen е исто така и најголемата и област и се претпоставува дека е со најмногу зелени површини.

Други значајни културни места

Folkwang музејот: Еден од најголемите колекции на уметнички дела во Ruhr Областа главно до 19тиот и 20тиот век. Голем дел од музејот бил реновиран и проширен според плановите на David Chipperfield & Co. Фондацијата Alfrien Krupp von Bohlen und Halbach е најголемиот донатор во проектот кој чинел 55 милиони евра и бил завршен во 2010 година. По неговото повторно отворање е дом на колекцијата на Deutches Plakat Museum (со повеќе од 340000 експонати).

Театарот  Aalto: Отворен во 1988 година (според плановите изработени во 1959 година) асиметричната зграда со нејзиниот длабок индиго ентериер е дом на реномираната Essen-ска опера и балет.

Saalbau: Дом на essen-ската филхармонија и оркестар, комплетно реновирана во 2003/2004 година. Критичарини многупати имаат гласано дека Essen-ската филхармонија е германскиот оркестар на годината.

Colloseum theater: Сместен во пораната зграда на фабриката Krupp на дополнителната пешачка зона ,театарот бил дом на неколку музички театрални продукции од 1996 година па наваму.

Zeche Carl: поранешен рудник за јаглен ,а сега културен центар и место за оддржување на рок концерти и дом на Offener Kanal Essen.

Други места

Gartenstadt Margarethenhöhe:Основана од Margarethe Krupp во 1906 година, градската градина со нејзините 3092 дела во 935 згради на површина од 115 ha(284,2 akri)(од кои 50ha се шума) се смета за првата од ваков вид во германија. Сите згради го следат истиот стилистички концепт,секоја со мали варијации од предходните. Иако оригинално дизајнирана како место за пониските класи со мали згради стариот дел на Margarethenhöhe Ісе развил во место за живеење на луѓето од средната класа и сместувањето во овој дел почнало повеќе да биде барано. Новиот дел Margarethenhöhe II бил изграден во 1960тите и 1970тите но е архитектонски инфериорен и _________________________________.

Moltkeviertel(Moltke Quarter): од 1908 година па наваму, според реформирачките планови на заменикот Robert Schmidt, овој кварт бил изграден југо-источно од центарот на градот. Големите зелени површини, формирајќи широки урбани ___ ленти и многубројните спортски и забавни површини и високо квалитетната архитектура секогаш во стилот на реформирачката архитектура се комбинираат во креирањето на уникатен пример насекаде во светот за модерно градско планирање. Населбата г рефлектира рефомативните идеи и датира од раниот дваесетти век. Moltkeviertel продолжува да е барана населба за живеење едукација , здравствена нега и ____________. На Moltkeplatz кој е најголемиот плоштад во населбата , се одвива збир од високо квалитетна современа уметност изведувана од страна на локалните жители.

Grugapark: со вкупна површина од 70ha(173 акри) паркот близу изложбената сала е еден од најголемите урбани паркови во Германија и иако се наплаќа влез сепак е еден од најпосетуваните места за рекреирање во градот. Ја вклучува градската ботаничка градина именувана како Botanischer Gartn Grugapark

Езерото Baladeney: Најголемот од шестте резервоари на реката Ruhr, сместено во јужнот дел на градот е исто така популарна зона за рекреирање. Забрането е пливање во езерото но истото активно се користи за пловење,гнурење и тури со брод. Ридестата и единствената малку развиена шумска област околу езерото од која лесно се доаѓа до областа Kettwig  е исто така популарна кај туристите.

Значајни луѓе

За сеопфатна листа на луѓе кои се родени или глумеле/живееле во Essen видете го следниот натпис на германската wikipedia.

Почесни граѓани

Градот Essen ја има традицијата за одбирање на почесен граѓанин уште од 1879година но ова традиција е прекината по создавањето на Федерална Република Германија во 1949 година. Во 2007година е направен приметлив исклучок кога Berthold Beitz претседателот на Alfried Krupp von Bohlen und Halbach фондацијата ја добил наградата за почесен граѓанин за неговото долги заложување за градот.

Следната листа ги содржи сите почесни граѓани на Essen:

1879 Otto von Bismarck – канцелар на Германија

1888 Friedrich Hammacher – политичар,адвокат и економист

1895 Johann Heinrich Peter Beising – римски католички теолог

1896  Friedrich Alfred Krupp  - индустриалист (сопружник на Margarethe Krupp, види доле)

1901  Heinrich Carl Sölling  - трговец и добротвор

1906 Erich Zweigert – Lord Mayor од 1986 до 1906

1912  Margarethe Krupp – добротворка (сопружник на Alfred Krupp види погоре)

1917 Paul von Hindenburg  - Generalfeldmarschall и армиски водач, подоцна претседател на гермнија

1948 Viktor Niemeyer – советник()постхумно признание

2007  Berthold Beitz – претседатл на Alfried Krupp von Bohlen und Halbach фондацијата.

Денес најпрестижната награда од градот е прстенот на честа, кој Berthold Beitz, ја имал веќе примено во 1983 година. Други носители на прстенот на честа ги вклучува

поранешниот градоначалник на essen и подоцна претседател на германија gustav Heinemann  како и Franz Cardinal Hengsbach епископот од essen.

Спорт

најголемите фундаблски клубови во essen  се Rot-Weiss Essen (Црвено-белите од essen) и Schwarz-Weiss Essen (Црно-белите од essen). Rot-Weiss Essen игра во четвртата германска фудбалска лига,Regionallia West, додека  Schwarz-Weiss Essen играат во петтата германска лига Oberliga Nordrhein-Westfalen. Други фудбалски клубови се  BV Altenessen, TuS Helene Altenessen, SG Essen-Schönebeck.